Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 јуни 2006 година.

Бр. 07-2294/1
12 јуни 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Кривичниот законик ("Службен весник на Република Македонија" број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004 и 81/2005), во членот 41 став (1) точки 2 и 4 зборот "ако" се брише, а зборот "мерка" се заменува со зборот "мера".

Член 2

Во членот 47 став (3) по зборовите: "ден на затвор" се додава сврзникот "и".

Член 3

Во членот 62 став (2) втората реченица се брише.

Член 4

Во членот 96-д став (3) зборовите: "член 101-а" се заменуваат со зборовите: "член 100-а".

Член 5

Во членот 144 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

"(5) Гонењето за делото од ставот (4) се презема по приватна тужба."

Член 6

Во членот 158 став (1) зборовите: “од шест месеци до пет години” се заменуваат со зборовите: “од најмалку три години”.

Во ставот (2) зборовите: “од една до десет години” се заменуваат со зборовите: “од најмалку пет години”.

Член 7

Во членот 159 став (1) зборовите: “избирачки одбор, изборна комисија, одбор за спроведување референдум” се заменуваат со зборовите: “изборен орган”, а зборовите: “парична казна или со затвор до една година” се заменуваат со зборовите: “затвор најмалку три години”.

Член 8

Во членот 160 ставот (1) се менува и гласи:

“(1) Тој што со употреба на сила, сериозна закана, измама или на друг начин ќе спречи или друг ќе присили, да го врши, да не го врши или како да го врши избирачкото право,

ќе се казни со затвор

најмалку три години.”

Во ставот (2) зборовите: “избирачки одбор, изборна комисија, одбор за спроведување на референдум” се заменуваат со зборовите: “изборен орган”, а зборовите “три месеци до три години” се заменуваат со зборовите: “најмалку пет години”.

Член 9

Во членот 161 став (1) зборовите: “парична казна или со затвор до една година” се заменуваат со зборовите: “затвор најмалку три години”.

Член 10

Во членот 162 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

“(1) Тој што на лице со избирачко право му нуди, дава или ветува подарок или друга лична корист, со намера да го придобие да го врши, да не го врши или како да го врши избирачкото право,

ќе се казни со затвор

најмалку пет години.

(2) Со казната од ставот (1) ќе се казни и лице со избирачко право кое ќе бара за себе подарок или друга корист или ќе прими подарок или друга корист, за да го врши, да не го врши или како да го врши избирачкото право.”

Член 11

Во членот 163 став (1) зборовите: “парична казна или со затвор до шест месеци” се заменуваат со зборовите: “затвор најмалку три години”.

Во ставот (2) зборовите: “избирачки одбор, изборна комисија, одбор за спроведување референдум” се заменуваат со зборовите: “изборен орган”, а зборовите: “парична казна или со затвор до три години” се заменуваат со зборовите: “затвор најмалку пет години”.

Член 12

Во членот 164 став (1) зборовите: “парична казна или со затвор до една година” се заменуваат со зборовите: “затвор најмалку три години”.

Во ставот (2) зборовите: “избирачки одбор, изборна комисија, одбор за спроведување референдум” се заменуваат со зборовите: “изборен орган”, а зборовите: “парична казна или со затвор до три години” се заменуваат со зборовите: “затвор најмалку пет години”.

Член 13

Во членот 165 зборовите: “избирачки одбор, изборна комисија, одбор за спроведување референдум” се заменуваат со зборовите: “изборен орган”, а зборовите: “три месеци до пет години” се заменуваат со зборовите: “најмалку пет години”.

Член 14

По членот 165 се додава нов наслов и нов член 165-а, кои гласат:

“Злоупотреба на средствата за
финансирање на изборната кампања

Член 165-а

Организатор на изборната кампања кој со непријавување на изворот на финансии на изборната кампања, со спречување на надзорот над трошењето на планираните средства, со неподнесување на финансиски извештај за потрошените средства, со пречекорување на законските ограничувања на средствата дозволени за изборна кампања, со користење на недозволени средства за изборната кампања, со исплати спротивни на кампањата за финансирање на кампањата или на друг начин го злоупотреби своето со закон определено овластување како организатор на кампањата,

ќе се казни со затвор од
најмалку пет години.”

Член 15

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.